Изработила: Сузана Милошева - Левкова

<table>
<tr><td colspan="3">Седмица: 35 Час: 9
Датум:</td><td colspan="3">Тема 7: Онлајн живеење
Наставна единица: Блог</td><td>Одделение:
IV</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Распоред (делови од часот)</td><td rowspan="2">Цели на учење</td><td rowspan="2">Критериуми на успех (очекувани резултати)</td><td colspan="2">Активности</td><td rowspan="2">Ресурси (средства и материјали)</td><td rowspan="2">Доказ за постигнувањата</td></tr>
<tr><td>Опис</td><td>Организациони форми</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td rowspan="3">Да се запознае со можностите за блогирање</td><td><u>Сите можат:</u>
да објаснат што е веб страна</td><td>Што е веб – страна? Објаснувам дека веб – страни креираат поединци или фирми кои се занимаваат со изработување на веб – страни.
Поведувам дискусија со прашањата: Дали некогаш си имал дневник за некоја активност? Која била темата? Што пишуваат твоите другари во твојот дневник или споменар? Најава на целта на часот.</td><td>3
дијалошки метод</td><td rowspan="3">Компјутер

Веб прелистувач

http://prirodni-nauki-natprevari.blogspot.mk/

https://www.youtube.com/watch?v=0kcMu46wYe4

www.padlet.com</td><td>Прашања
Одговори
Дискусија</td></tr>
<tr><td>30 мин.</td><td><u>Повеќето можат:</u>
да објаснат што е блог</td><td>- За илустрација на блог, го разгледуваме блогот за натпревари по природни науки http://prirodni-nauki-natprevari.blogspot.mk/ . Воочуваме дека најновите информации се наоѓаат најгоре на блогот, а колку известувањето има постара дата, се наоѓа после известувањето со понова дата.
Блогот не се користи само за известувања, туку и за многу други работи кои го интересираат оној што го прави блогот, на пр. блог за здрава храна, за готвење, за уметност ...
Заклучок: Блог е веб страница што секојдневно се дополнува, разгледува и чита од разни корисници, членови на блогот и од сопственикот на блогот. Авторот на блогот се вика блогер. Има повеќе веб сервиси за креирање блог, но најчесто се користи сервисот blogger.com, padlet.com и др.
- Го гледаме видеото https://www.youtube.com/watch?v=0kcMu46wYe4 и дискутираме за неговата содржина.
• Активност за креирање блог
Ја отвораме страната www.padlet.com, го кликаме полето Log in и можеме да се најавиме со: е- адреса, со facebook профил или Google. Се кликнува полето Make a padlet и креираме падлет со содржина која ќе ја одбереме.
Заклучок: Блогот може да биде јавен или приватен, а тоа зависи која опција ќе ја избере авторот на блогот. Опцијата може да ја менува во секое време.</td><td>3
документациски метод -визуелни извори на информации

3
метод на објаснување

3
документациски метод-визуелни извори на информации

метод на објаснување</td><td>Набљудување

Дискусија</td></tr>
<tr><td>5 мин.</td><td><u>Некои можат:</u>
да објаснат што е разлика помеѓу блог и веб страна</td><td>Даваат објаснување што е разлика помеѓу блог и веб страна.</td><td>метод на објаснување</td><td>Дискусија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста</td><td colspan="3">Забелешки / можности за проширување / домашна работа</td><td>Клучна терминологија</td></tr>
<tr><td colspan="3">Воведен дел: Дискусија за веб страна
Главен дел: Демонстрирање на можностите на блогирањето
Завршен дел: Објаснување за разликата помеѓу блог и веб страна</td><td colspan="3"></td><td>веб прелистувач, веб страна, блог, блогер.</td></tr>
</table>

obrazovanie.literatura.mk